3. Ристо Србиноски
4. Кујтим Ајредини
5. Ризвани Заит

**Член 2**

Мандатот на членовите на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на МЈП „Проаква„ трае 4 години.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-2797/6**
**28.11.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ ГРИЖИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за именување член во Управниот одбор на Центарот за социјални грижи, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/7**
**30.11.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.11.2005 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ ГРИЖИ

**Член 1**

Во Управниот одбор на Центарот за социјални грижи - Охрид„ **СЕ ИМЕНУВА:**

1. Дијана Видическа

**Член 2**

Примерок од оваа одлука да се достави до именуваната и Центарот за социјални грижи Охрид.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-2797/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2005 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена на одлуката за авто такси превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 9 и 54 од Законот за превоз на патниот сообраќај (*Сл.весник на РМ* бр.68/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.06/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.11.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се менува член 2 став 1 од Одлуката за измена на Одлуката за авто - такси превоз бр.08-1595/6 од 28.12.2004 година (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/05) и истиот ќе гласи:

„Авто - такси превозникот плаќа надоместок во износ од 40.000,00 денари по возило„.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2006 година и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-2797/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2005 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОПРЕМА НА ЈАВНИ ПЕШАЧКИ ПОВРШИНИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Правилникот за поставување опрема на јавни пешачки површини, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/9**
**30.11.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа и член 42 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.11.2005 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОПРЕМА НА ЈАВНИТЕ ПЕШАЧКИ ПОВРШИНИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите, нормативите за активности на отворен простор со поставување опрема на изградените инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Охрид /во натамошен текст: јавни пешачки површини/, поради давање комерцијални услуги од страна на физички и правни лица.

**ОПШТИ УСЛОВИ**

**Член 2**

Опрема што се користи за давање комерцијални услуги на јавните пешачки површини не смеат на никаков начин да бидат прицврстени за подлогата и треба да овозможат лесно и брзо отстранување.

**Член 3**

При користењето на јавните пешачки површини за комерцијални услуги не смеат да се поставуваат архитектонски бариери кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го отежнат и оневозможат движењето на хендикепираните лица.

Физичките и правните лица на кои им е одобрено поставување на опрема не смеат да преземаат градежни зафати на јавната пешачка површина што ја користат, а особено не зафати кои ги менуваат материјалот и нивелетата на пешачката површина. Исто така, над пешачката површина не смеат да се монтираат платформи или рампи од кој било материјал.

**Член 4**

Користењето на јавните пешачки површини за комерцијални услуги не смее да го нарушува карактерот и изгледот на околниот градски простор; да го отежнува или оневозможува користењето на околните објекти и простори; негативно да влијае на изгледот и користењето на објектите и зоните со статус на споменик на културата или на зоните со посебен заштитен режим; да создава бучава над дозволените граници и на кој било друг начин да ги попречува функциите на домувањето.

**Член 5**

При користење на јавните пешачки површини за давање комерцијални услуги, опрема и јавната пешачка површина мора да се одржуваат во исправна, чиста и визуелно привлечна состојба и истите не смеат да предизвикуваат загушување и блокирање на пешачкиот сообраќај на јавните пешачки површини.

**Член 6**

Видот на производите и услугите кои се продаваат на јавните пешачки површини мора да овозможуваат краткотрајна трансакција за завршување на продажбата или на услугата.

Производите, односно услугите не смеат да предизвикуваат непријатни миризби, ниту пак на каков било начин да ја валкаат или флекаат јавната пешачка површина. Исто така, производите треба да може лесно да бидат носени од пешаци, а начинот на нивното продавање не смее да произведува бучава.

**Член 7**

При поставувањето на подвижна опрема на јавните пешачки површини минималната слободна проодна широчина од попречниот профил на тротоарот мора да изнесува 1.50м.

На улиците на кои има поголем обем на пешачки сообраќај, минималната слободна проодна широчина може да изнесува и повеќе од 1.50м., за што одлучува Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунални дејности. (во натамошен текст: надлежниот градски орган).

**Член 8**

Поставувањето подвижна опрема на јавните пешачки површини е дозволено само во широчина на лицето на катастарската парцела во сопственост или закуп на лицето кое бара дозвола за користење на јавните пешачки површини /прилог: графички приказ/.

На лица кои не се сопственици односно закупци на катастарските парцели од став 1 на овој член, може да им се издаде одобрение за краткотрајно користење на јавните пешачки површини со поставување самостојна подвижна опрема, само во согласност со лицата од став 1 на овој член.

**Член 9**

При поставување подвижна опрема на плоштади, аголни проширувања и други пошироки пешачки површини мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење како и одредбите од овој Правилник.

За секој поединечен случај одлучува надлежниот градски орган.

**Член 10**

Условите, критериумите и начинот на поставување подвижна опрема на јавните пешачки површини се дадени во графички прикази што се сотавен дел на овој Правилник.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

**а/ Поставување подвижна опрема за вршење угостителска дејност на јавни пешачки површини**

**Член 11**

При користењето на јавните пешачки површини за вршење угостителска дејност, поставувањето на подвижната опрема треба да биде на начин кој ќе обезбеди непречено движење на пешаците по патека која е јасна, прегледна и права.

Пешачката патека е определена со нејзината слободна проодна широчина и нејзиниот коридор кој го чинат вертикалните рамнини чиишто пресеци со јавната пешачка површина се по должните граници на пешачката патека. Во коридорот на пешачката патека не е дозволено навлегување на кој било елемент од подвижната опрема под височина од 2.40м.

Исклучок од ова правило се тендите коишто смеат да се поставуваат на височина од најмалу 3.20м. над површината на пешачката патека /прилог: графички приказ/.

**Член 12**

Подвижната опрема по правило се поставува кон внатрешноста на тротоарот - до регулационата линија.

Од ова правило може да се отстапи само кога широчината на тротоарот овозможува поставување на подвижна опрема единствено кон работ на тротоарот - помеѓу постојната урбана опрема, дрворедите, уличните светилки и сл., слободната пешачка патека е покрај регулационата линија /прилог: графички приказ/.

**Член 13**

Минималната широчина на површината за угостителска дејност изнесува:

- за пултови 0.80м.
- за шанкови со столови 1.20м.
- за маси со столови на кои се служи само пијалок и слатки, пециво 1.50м.
- за маси со столови на кои се служат полни оброци 1.70м.

Максималната широчина на површината за угостителска дејност ја утврдува надлежниот градски орган во зависност од минималната широчина на слободната пешачка патека, од интензитетот на пешачкото движење и од други конкретни услови на локацијата кои можат да имаат значење за нејзиното определување /прилог: графички приказ/.

**Член 14**

При поставување подвижна опрема на тротоар мора да се почитуваат следните услови:

- да биде обезбедена проодна широчина согласно член 7;
- во мерењето на слободната проодна широчина да не влегува широчината на велосипедската патека ниту пак широчината во која се поставени дрвореди, ниско зеленило или елементи на урбана опрема како што се улични светилки, клупи, огласни паноа, знаци и сл.;
- кога пешачката патека се поставува во делот на тротоарот кон коловозот, слободната проодна широчина се мери од надворешниот раб на тротоарот;
- кога на делот на тротоарот кон коловозот се поставени дрвореди или урбана опрема, слободната проодна широчина се мери од внатрешниот раб на линиски поставените елементи на урбаната опрема или дрворедот;

- кога пешачката патека се наоѓа во средишниот дел на тротоарот помеѓу две површини на кои е поставена подвижна опрема, слободната проодна широчина изнесува најмалку 1.80м.;

- кога површината на која се поставува подвижната опрема е на делот на тротоарот кон коловозот, таа мора да биде оддалечена од надворешниот раб на тротоарот најмалку 0.50м. /прилог: графички приказ/.

**Член 15**

При поставувањето подвижна опрема на пешачка улица мора да се почитуваат следните услови:

- пешачка патека по правило, се поставува симетрично во однос на оската на улицата. По исклучок, пешачката патека може да се постави и само на една страна на улицата;

- кога пешачката патека е поставена во средината, слободната проодна широчина мора да зафаќа најмалку една третина од широчината на улицата, но не помалку од 1.80м.;

- кога пешачката патека е поставена само на едната страна на улицата, слободната проодна широчина мора да зафаќа најмалку една третина од широчината на улицата, но не помалку од 1.50м.;

- кога пешачката патека е разделена на обете страни на улицата, вкупната слободна проодна широчина мора да зафаќа најмалку една половина од широчината на улицата, при што широчината на поединечната патека не смее да биде помала од 1.50м. /прилог: графички приказ/.

**б/ Поставување подвижна опрема за вршење трговска дејност на јавни пешачки површини**

**Член 16**

Поставувањето подвижна опрема за вршење трговска дејност на јавните пешачки површини е дозволено само во внатрешната зона на тротоарот до регулационата линија, односно покрај фасадата на објектите градени на регулационата линија /прилог: графички приказ/.

**Член 17**

Поставувањето на подвижната опрема треба да биде на начин кој ќе обезбеди непречено движење на пешаците по патека која е јасна, прегледна и права.

Пешачката патека е определена со нејзината слободна проодна широчина и нејзиниот коридор кој го чинат вертикалните рамнини чијшто пресек со јавната пешачка површина се подолжните граници на пешачката патека. Во коридорот на пешачката патека не е дозволено навлегување на кој било елемент на подвижната опрема под височината од 3.20м. над површината на пешачката патека /прилог: графички приказ/.

**Член 18**

Минималната широчина на површината за трговска дејност изнесува 0.80м.

Максималната широчина на површината за трговска дејност изнесува 2.40м. /прилог: графички приказ/.

Таа може да биде и помала, во зависност од минималната широчина на слободната пешачка патека, од интензитетот на пешачкиот сообраќај и од други услови кои можат да имаат значење за нејзиното определување, а ја утврдува надлежниот градски орган во зависност од конкретните услови на локацијата.

**Член 19**

При поставувањето подвижна опрема на тротоар мора да се почитуваат следните услови:

- да биде обезбедена слободна проодна широчина согласно член 7;
- во мерењето на слободната проодна широчина да не влегува широчината на велосипедската патека ниту пак широчината во која се поставени дрвореди или елементи на урбана опрема како што се улични светилки, клупи, огласни паноа, знаци и сл.;
- слободната проодна широчина се мери од надворешниот раб на тротоарот;
- кога на делот на тротоарот кон коловозот се поставени дрвореди или урбана опрема, слободната проодна широчина се мери од внатрешниот раб на линиски поставените елементи на урбаната опрема или дрворедот;
- доколку употребната страна на подвижната опрема е ориентирана кон пешачката патека се пресметува манипулативна широчина од 0.80м. која не е дел од слободната проодна широчина /прилог: графички приказ/.

**в/ Вршење угостителска или трговска дејност на јавни пешачки површини со самостојни монтажни или подвижни тезги**

**Член 20**

При краткотрајно користење на јавните пешачки површини за вршење трговска или угостителска дејност самостојните монтажни или подвижни тезги можат да бидат со типска или уникатна изработка.

Кога самостојните монтажни или подвижни тезги се поставуваат во големи формации на централно - градски или други значајни јавни пешачки површини тие мораат да имаат унифициран изглед.

**Член 21**

При поставувањето на самостојните монтажни или подвижни тезги мора да се почитуваат следните услови:

- да биде обезбедена слободна проодна широчина согласно член 7;
- во мерењето на слободната проодна широчина да не влегуваат дрвја, дрвореди или елементи на урбана опрема како што се улични светилки, клупи, огласни паноа, знаци и сл.;
- во мерењето на слободната проодна широчина да не се пресметува манипулативниот простор од 0.80м. од двете страни на самостојните монтажни или подвижни /од страната на продавачот и од страна на купувачот/;
- кога се поставуваат во линиски формации, вкупната должина на една група споени тезги не смее да надминува 12.00м., заради обезбедување на попречни пешачки патеки /прилог: графички приказ/.

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

**Член 22**

При поднесување барање за добивање одобрение за поставување опрема на јавна пешачка површина, барателот е должен, согласно член 15 од Одлуката за поставување опрема за комерцијални услуги на изградени инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Охрид да достави и детален цртеж со опис на постојната состојба на бараната површина со околниот простор во размер 1:50 и детален цртеж со опис на бараната површина со подвижната опрема која се поставува на површината, во размер 1:50.

Деталниот цртеж на постојната состојба на јавната пешачка површина со околниот простор содржи приказ за регулационата линија, лицето на градежната парцела, градежната линија, постојните објекти и рабникот на тротоарот, а кога станува збор за пешачка улица, приказ на наведените елементи на обете страни на улицата. Во цртежот мора да бидат прикажани влезовите во објектот, излозите или други фасадни отвори, влезовите во соседните објектги, рампи, скали, велосипедски патеки, дрвја и дрвореди, улични светилки, клупи, корпи за отпадоци, столчиња и друга урбана опрема, третманот на завршниот слој и начинот на обработка, третманот на чиниите околу дрвјата и се друго што може да има влијание на донесувањето на одлуката за поставување на подвижна опрема.

Деталниот цртеж на бараната површина ги содржи димензиите и границата на бараната површина, целокупната подвижна опрема што треба да биде поставена, слободните проодни широчини на пешачките патеки, растојанијата до рабникот и до регулационата линија и други релевантни елементи.

Сите елементи прикажани на деталните цртежи мора да бидат прецизно исцртани и котирани.

**Член 23**

Одобрението за сезонско поставување подвижна опрема за комерцијална услуга на јавните пешачки површини има важност од најмногу девет месеци.

Одобрението за поставување подвижна опрема за вршење трговска дејност на јавните пешачки површини се издава со важност од една година.

Надлежниот градски орган може да издаде одобрение од став 1 и 2 на овој член и со пократок период на важење, доколку постојат оправдани причини за тоа или на барање на правното лице.

Одобрението за краткотрајно користење на јавните пешачки површини за вршење комерцијална услуга и разни презентации на самостојни монтажни или подвижни тезги се издава со важност од најмногу десет дена.

По истекувањето на текот на важност на одобрението имателот на одобрението е должен подвижната опрема да ја отстрани, јавната пешачка површина да ја исчисти, а доколку во текот на користењето јавната пешачка површина биде оштетена, да ја доведе во првобитна состојба непосредно по отстранувањето на подвижната опрема.

**Член 24**

Важноста на издаденото одобрение од член 24 став 2 може да се продолжи. Барањето за продолжување на одобрението може да се поднесе најдоцна еден месец пред истекот на неговата важност.

Важност на одобрението се продолжува доколку не се изменети околностите под кои истото е издадено.

Надлежниот градски орган го разгледува барањето за продолжување на одобрението, врши увид и проверка на состојбата на лице место и одлучува по барањето.

Одобрението со продолжената важност ја има истата содржина како и првото одобрение.

Висината на закупнината за користење на јавни пешачки површини ќе биде дефинирана со посебен правилник.

**ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ**

**Член 25**

По добивањето на одобрение за комерцијално користење на јавните пешачки површини, во смисла на член 24 став 1 на Одлуката за поставување опрема за

комерцијални услуги на изградените инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Охрид имателите на одобрение се должни во рок од 30 дена да ја прилагодат подвижната опрема и користењето на јавната пешачка површина со одредбите на овој Правилник.

Доколку имателите на одобрение за комерцијално користење на јавните пешачки површини не го исполнат условот од став 1 на овој член, кон нив ќе се применуваат одредбите од член 22 на Одлуката од став 1 на овој член.

**Член 26**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на општина Охрид*.

**Број 07-2797/9**
**28.11.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДИГ „ЈАСНА РИСТЕСКА„ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за именување членови во Управниот одбор на ЈУДИГ „Јасна Ристеска„ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/10**
**30.11.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 96 став 1, 2, 3 и 7 од Законот за заштита на децата (*Сл.весник на РМ* бр.98/00) и член 50 став 1, 2, 4, 6 и 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (*Сл.весник на РМ* бр.20/04) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.11.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДИГ „ЈАСНА РИСТЕСКА„ ОХРИД**

**Член 1**

За членови во Управниот одбор на ЈУДИГ „Јасна Ристеска„ Охрид, **СЕ ИМЕНУВААТ:**

1. Николина Котушева
2. Ј*лдиз Али
3. Самието Османи

**Член 2**

Мандатот на членовите на УО трае 4 години.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-2797/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2005 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДУП**
**ЗА ДЕЛ ОД 7-МА УЕ, УРБАН МОДУЛ 1 ОХРИД 2005 - 2010**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за дел од 7-ма УЕ, урбан модул 1 Охрид 2005 - 2010, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), а во врска со член 1 и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.51/05) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.11.2005 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД**
**УЕ 7, УРБАН МОДУЛ 1, ОХРИД 2005 - 2010**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - детален урбанистички план за дел од УЕ 7, урбан модул 1, Охрид 2005 - 2010.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа простор со површина од 0.98ха.

Граници на урбаниот модул се: ул.„Абас Емин„ - од југоисток, ул.„Дејан Војвода„ од североисток, Булевар „Туристичка„ од југозапад и Кп.бр.13720 и Кп.бр.13723 од северозапад.

**Член 3**

Нацрт - деталниот урбанистички план со технички број 226/2004 изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН - ПУМА Скопје, содржи:

Планиран развој:

Текстуален дел

- просторен концепт, намена површина, билансни показатели, сообраќајно решение, електро - енергетски инсталации и осветлување, хидротехничка инфраструктура, мерки за заштита на животната средина и параметри за уредување на просторот

Графички прилози:

- планиран развој синтезен приказ 1:500
- планиран развој синтезен приказ - инфраструктура 1:500

Документациска основа

Текстуален дел: цел, значење и метод на изработка на планот, хронологија на планирање на просторот, анализа на постојната состојба /местоположба, природни карактеристики, население, градежен фонд, инфраструктурни системи/ и можности за развој.

Графички прилози

- извод од ОУП Охрид 1985 - 2000 1:2500
-извод од архитектонско-урбанистички план на дел од потегот Булевар „Туристичка„-Охрид и дел од МЗ „7-ми Ноември„ - 1995 1:500
- постојна состојба градежен фонд 1:500
- постојна состојба инфраструктура 1:500

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на Нацрт - планот, изготвен според Законот за просторно и урбанистичко планирање (*Сл.весник на РМ* бр.51/05).

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт ДУП за 7-ма УЕ, урбан модул1, 2005 - 2006.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место кое се наоѓа во кругот на Месната самоуправа. Јавната анкета трае најмалку 15 работни дена во којшто рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 2797/11**
**28.11.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ЗИМСКИОТ ПЕРИОД 2005/2006**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за одржување на улиците и локалните патишта на подрачјето на општина Охрид во зимскиот период 2005/2006, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/12**
**30.11.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

**О П Е Р А Т И В Н А П Р О Г Р А М А**

**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ЗИМСКИОТ ПЕРИОД 2005/2006**

**ВОВЕД:**

Програмата за одржување и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Охрид е изготвена согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и потребата за отстранување на снегот и голомразицата.

Одржувањето на коловозните површини и нивното оспособување на нормален сообраќај во зимските услови претставува битна потреба на граѓаните и стопанството, бидејќи можни се нарушувања и прекин на нормалното одржување и безбедност на сообраќајот во градот, при изненадувањата од временските услови, а особено при несоодветно извршена подготовка на надлежните субјекти.

Во програмата се тргнува и од претпоставката за обезбедување одговорен однос на сите во градот, а особено на обврските на граѓаните, бидејќи само така би се обезбедило рационално и економично извршување на програмата.

**Цел на програмата:**

Програмата има за цел да предвиди ефикасно организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на општина Охрид, опфатено со Урбанистичкиот план и тоа преку:

- Одредување на обемот на работата и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини;
- Дефинирање на работите и задолженијата на носителите на реализација на програмата;
- Дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на програмата.

**С П И С О К бр.1**
**НА УЛИЦИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ**
**ВО СЕЗОНАТА ЗИМА 2005/2006 год.**

**I. ГРУПА**

Име на улицата: должина:
1. Булевар „Туристичка„...3350м.
2. „Јане Сандански„ (до влезот на болница)...1100м.
3. „Питу Гули„...800м.
4. „7/ми Ноември„...1630м.
5. „Македонски Просветители„...780м.
6. „Партизанска„...600м.
7. „Димитар Влахов„...660м.
8. „Гоце Делчев„...2150м.
9. „15/ти Корпус„...1470м.
10. „Железничка„...2880м.
11. „Распаќе„...700м.

Вкупно:...16120м.

Напомена: Улиците под бр.1, Булевар „Туристичка„ и под бр.10 „Железничка„ во сезоната 2005/2006 година ќе ги сервисира ЈП „Македонија пат„ - секција Охрид.

**II. ГРУПА**

1. „Марко Цепенков„...820м.
2. „Момчило Јорданоски„ (до населба Г.Делчев)...1100м.
3. „Прва македонска ударна бригада„...700м.
4. „Марко Несторoски„...1030м.
5. „Абас Емин„...990м.
6. „Стив Наумов„...1550м.
7. „Сирма Војвода„...530м.
8. „Мирче Ацев„...900м.

Вкупно:...7620м.

**III. ГРУПА**

1. „Даме Груев„...1180м.
2. „Галичица„...625м.
3. „Никола Карев„...600м.
4. „Крали Марко„...840м.

Вкупно:...3240м.

**IV. ГРУПА**

1. „Св.Кирил и Методиј„...1180м.
2. „Климентска„...625м.
3. „Св.Климент Охридски„...600м.

Вкупно:...2040м.

**V. ГРУПА**

Селски населби

Чистење на снегот на пристапните патишта до селските населби како и на главните улици низ селата ќе се изведува со камион опремен со нож; комбиниран булдожер и трактор за посипување со индустриска сол и песок.

**1. Во селата:**

- Долно и Горно Лакочереј..........8км.
- Лескоец..........3км.
- Велгошти..........7км.
- Рача..........1км.
- Куратица..........7км.
- Свињишта..........2.5км.
- Ливоишта..........4.0км.

ќе се чистат пристапните патишта и главните улици каде што за тоа има технички можности и пристап на механизација.

**2. Во селата:**

- Рамне..........5км.
- Велестово..........5км.
- Коњско..........6км.
- Елшани..........3км.
- Скребатно..........4.5км.
- Завој..........2.6км.

ќе се чистат пристапните патишта каде што за тоа постои можност поради стрмниот терен и многубројните кривини.

**3, Во селата** Подмоље, Пештани, Трпејца и Љубаништа, Лескоец, Косел, Опеница, Прентов мост и Свинишки Пат со својата механизација интервенира ЈП „Македонија пат„ - Секција Охрид.

Приоритет за интервенирање на овие позиции ќе зависи од моменталната состојба.

**VI. Останати улици**

Останатите улици кои се чистат во зависност од средствата кои можат да се обезбедат.

Чистењето на снегот ќе се врши кога дебелината на снегот е поголема по укажаната потреба и до 10см.

Посипување на коловозот со индустриска сол и песок ќе се врши на главните сообраќајници од I-вата и IV-тата група и тоа само на раскрсниците и поголемите успони.

**VII. Паркови и зеленило**

Чистењето на снегот од пристапните патеки во парковите, спомен - обележјата во градот, како и од дрвјата и зеленилото коколку има потреба.

**А-1.** Во првата фаза ќе се врши посипување од мешавина од индустриска сол и камена ситнеж (ризла) на коловозите наведени во првата приоритетна група и на главните улици во градот, заради отстранување на подмрзнатини и снег, односно кога солта како хемиско средство може да биде ефикасна.

**А-2.** Во втората фаза од зимското одржување на улиците во градот се пристапува кон чистење снег со употреба на соодветна градежна механизација, ако снежната покривка изнесува 15см (по укажана потреба и до 10см).

Чистењето на снегот од улицте на градот ќе се врши со градежна механизација што се движи на гумени тркала и тоа камиони опремени со плуг и хидраулика, товарачи и комбинирани ровокопачи - булдожер.

**А-3.** Чистењето на снегот од тротоарите на улиците како и коловозот на улицата „Св.Климент Охридски„ и „Гоце Делчев„ (од плоштадот Крушевска Република до пресекот на улицата „Абас Емин„) ќе го вршат сопствениците или корисниците на деловните простори, а одвозот на снегот до определената депонија ќе го врши изведувачот на работите.

**Б.** За изведување на работите ќе бидат склучени посебни договори помеѓу општина Охрид и изведувачот на работите, со коишто ќе се дефинираат правата и обврските на договорувачите и другите посебни услови, односно цените по кои ќе се вршат работите.

**Б1.** За чистење на улиците по приоритет на изведувачот со договорот ќе му биде доставена и карта на градот со бележани насоки на движење на средствата за чистење во различни бои по групи како што се наведени во претходниот текст.

**Б2.** Изведувачите на работите се должни за текот на изведувањето на работите да водат градежен дневник во кој ќе се внесуваат податоци за временските услови, времето на започнување односно прекинување со работни саати на градежната механизација за чистење на снегот.

**Б3.** Налог за работата и надзор на изведувањето на работата ќе издава и врши стручната служба на општина Охрид.

**Б4.** Заради координирање на активностите на зимско одржување на улиците во градот благовремено ќе бидат информирани надлежните органи на општината и станицата за безбедност, контрола и регулирање на сообраќајот во градот Охрид.

**Табеларен преглед бр.1**
**на постоечката состојба на локалната патна мрежа**
**на територијата на општина Охрид**

| Р. бр. | Локален пат (од-до) | вкупна должина (км) | плану (м) | колово (м) | нероб. (км) | земја (км) | тампон. (км) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Охрид- с.Г.Лакочереј | 5.0 | 6.0 | 4.0 | | | |
| 2. | Охрид-с.Велгошти | 2.0 | 6.0 | 4.0 | | | |
| 3. | Охрид-с.Орман | 0.9 | 5.0 | 3.0 | | | |
| 4. | Охрид-с.Рамне | 2.3 | 5.0 | 3.0 | | | |
| 5. | Охрид-с.Велестово | 4.0 | 5.0 | 3.0 | | | |
| 6. | Регионален пат 501-с.Елшани | 2.2 | 6.0 | 4.0 | | | |
| 7. | Регионален пат 501-Коњско | 7.0 | 3.0 | / | | 7.0 | |
| 8. | М-5-ГорноЛескоец | 2.0 | 3.0 | 2.0 | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | М-5-с.Велгошти | 2.0 | 6.0 | 4.0 | | | |
| 10. | с.Скребатно-с.Лескоец | 4.5 | 6.0 | 4.0 | | | |
| 11. | с.Завој-спој со М-5 | 2.6 | 5.0 | 3.0 | | | |
| 12. | с.Свињишта-спој со М-5 | 2.5 | 5.5 | 4.0 | | | |
| 13. | Прентов мост-с.Куратица | 7.0 | 5.5 | 4.0 | | | |
| 14. | с.Плаќе-с.Речица-Рашанец | 7.0 | 3.5 | | | 4.0 | |
| 15. | с.Вапила-с.Расино | 3.0 | 3.0 | | | | |
| 16. | с.Косел-с.Вапила-с.Ливоишта | 4.0 | 6.0 | 4.0 | | | |
| 17. | с.Вапила-с.Сирула | 6.2 | 3.0 | | | 6.2 | |

За изведување на работите предвидени со Програмата за одржување и функционирање на зимската служба при ЈП „Охридски Комуналец„ - Охрид се одредуваат следните возила, градежни машини и извршители:

**1. ФАП КИПЕР рег.бр.ОХ - 124 БФ,** опремен со плуг и хидраулика
Возач: Никлески Мирко, тел.254-629
Возач: Лазарески Владо, тел.264-414
Возач: Капрически Драган, тел.250-817
Возач: Чеменкоски Пере, тел.277-117

**2. ТОВАРАЧ: РД 130**
Возач: Али Петрит, ул.“7/ми Ноември“ бр.258а
Возач: Аврамоски Наум, ул.“Железничка“ бр.54, тел.255-533
**3. КОМБИНИРАН РОВОКОПАЧ: ФБ 100,2**
Возач: Аврамоски Наум, ул.“Железничка“ бр.54, тел.255-533
Возач: Лошкоски Наум, с.Оровник, тел.281-824

**4. ТРАКТОР: рег.бр.ОХ - 475 БА**, опремен со посипувач
Возач: Мустафоски Шериф, ул.“Марко Несторoски“ бр.168, тел.250-209
Возач: Зоран Шурбаноски, тел.070/773-610

**5. МЕХАНИЧАР:**
Мургоски Ило, тел.53-354
Кочоски Номче, тел.277-598

**6. БРАВАР:** Демироски Ариф, тел.260-613

**7. МАГАЦИОНЕР**: Ангелоски Марјан, тел.264-812, 070/499-151

За организирање на работата на Зимската служба се формира штаб во состав:

1. Ѓоко Филипчески, тел.267-777; 075/442-959
2. Алче Сашо, тел.260-548; 075/391-760
3. Ропчев Наум, тел.262-183; 075/421-942
4. Ристески Миле, тел.265-404; 075/442-953
5. Рауник Вера, тел.263-696; 075/421-602
6. Наневски Томе, тел.266-137; 075/421-601

7. Маслов Климе, тел.253-313; 075/442-952
8. Александар Попоски, тел.075/442-960

Во случај на снежни врнежи покривка над 15см., сите наведени лица должни се да се јават без повик во РЕ Механизација на ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид.

Список на работници за извршување на работите предвидени со "Паркови и Зеленило":

1. Петрески Милчо, с.Коњско, тел.244-120
2. Спасе Гогачески, с.Лескоец, тел.258-841
3. Кочоски Петар, ул."Илинденска" бр.7, тел.262-831
4. Костоски Боре, ул."Кленоец" бр.25, тел.252-827

За изведување на работите предвидени со Програмата за одржување и функционирање на зимската служба за реонот Прентов мост - с.Куратица, Свинишки Пат - с.Сивиништа, с.Завој - до М-5, се одредуваат лицата Секулоски Русе од с.Куратица и Борис Секулоски од с.Лакочереј кои имаат соодветна механизација за чистење снег.

**Број 07- 2797/12**
**28.11.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈУДИГ "ЈАСНА РИСТЕСКА" ВО 2005/2006

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишната програма за згрижување и воспитно образовна работа на ЈУДИГ "Јасна Ристеска" во 2005/2006, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/13**
**30.11.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), член 98 од Законот за заштита на децата (*Сл.весник на РМ* бр.98/00, 17/03 и 65/04) и врз основа на член 42 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03 и 6/05), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.11.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА И ДЕТСКА ГРАДИНКА "ЈАСНА РИСТЕСКА" ВО 2005/2006**

**Член 1**

Се усвојува Годишната програма за згрижување и воспитно образовна работа на Јавната установа за деца - детска градинка "Јасна Ристеска" Охрид за учебната 2005/2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Годишната програма за згрижување и воспитно образовна работа на Јавната установа за деца - детска градинка "Јасна Ристеска" Охрид за учебната 2005/2006 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 2797/13**
**28.11.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ОСНИВАЧКИ ПРАВА И ОБВРСКИ НАД ЈУДИГ "ЈАСНА РИСТЕСКА" И ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА ОБЈЕКТИТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за преземање основачки права и обврски над ЈУДИГ "Јасна Ристеска" и право на сопственост на објектите, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/14**
**30.11.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), член 42 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03 и 6/05)и член 1 од Одлуката за пренесување на основачките права и обврски над постојните јавни установи за деца - детски градинки на општините и на општините во градот Скопје и пренесување на правата на сопственост на објектите бр.19-2487/1 од 22.06.2005 година на Владата на РМ, Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.11.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ОСНИВАЧКИ ПРАВА И ОБВРСКИ НАД ЈУДИГ “ЈАСНА РИСТЕСКА“ И ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА ОБЈЕКТИТЕ**

**Член 1**

Општината Охрид ги презема основачките права и обврски над Јавната установа за деца - детска градинка “Јасна Ристеска“ Охрид и правото на сопственост на објектите.

**Член 2**

Детската градинка “Јасна Ристеска“ Охрид продолжува со работа како општинска детска градинка за подрачјето на општина Охрид.

**Член 3**

Опремата, инвентарот, архивата, документацијата и другите средства за работа се преземаат со состојба на денот на примопредавањето.

Примопредавањето ќе се изврши меѓу Министерството за труд и социјална политика и Општина Охрид.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 2797/14**
**28.11.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ СПОГОДБА МЕЃУ ГРАДОТ ОХРИД И ГРАДОТ ПТУЈ - - РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за поведување иницијатива за склучување спогодба меѓу градот Охрид и градот Птуј - Република Словенија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/15**
**30.11.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02), член 42 став 1 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03 и 6/05), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.11.2005 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ СПОГОДБА ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ГРАДОТ ОХРИД И ГРАДОТ ПТУЈ, Р.СЛОВЕНИЈА**

**Член 1**

Се поведува иницијатива за склучување спогодба за соработка меѓу градот Охрид и градот Птуј, Р.Словенија.

**Член 2**

Со склучување на спогодбата за соработка се овозможува воспоставување и развој на пријателски врски и односи помеѓу двата града на социјално, културно, стопанско и други полиња од заеднички интерес.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Охрид да ја потпише спогодбата за соработка меѓу градот Охрид и градот Птуј, Р.Словенија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 2797/15**
**28.11.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА РАБОТАТА НА ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - СЕПТЕМВРИ 2005**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за прифаќање на Информацијата за работата на ЈП "Охридски Комуналец" за периодот јануари - септември 2005, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/16**
**30.11.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 43 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.11.2005 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА РАБОТАТА НА ЈП “ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - СЕПТЕМВРИ 2005**

1. Се прифаќа Информацијата за работа на ЈП “Охридски Комуналец“ за периодот јануари - септември 2005 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 2797/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.11.2005 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ ПРИ ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за прифаќање на Информацијата за реализација на Програмата на Одделението за комунален развој при општина Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2005 година.

**Број 08-2797/17** **ОПШТИНА ОХРИД**
**30.11.2005 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 43 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.11.2005 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ ПРИ ОПШТИНА ОХРИД**

1. Се прифаќа Информацијата за реализација на Програмата на Одделението за комунален развој при општина Охрид.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 2797/17**
**28.11.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**